**ВИЗИЈА**

*ПРЕПОЗНАТЛИВ КВАЛИТЕТ И КОМПЛЕТНО РЕШЕНИЕ ЗА СЕКОЈА ЛАБОРАТОРИЈА*

*МИСИЈА*

*... Да сме суштински дел од секоја модерна лабораторија во клиничкиот и индустрискиот сектор, застапувајќи најсофистициранатa лабораториска опрема, реагенси и потрошен лабораториски материјал како и комплетна поддршка за одржување и сервис и апликативна поддршка преку високо квалификуван и обучен кадар...*

**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

Политика на раководството на БИОТЕК е континуирано подобрување на активностите на компанијата преку планирање, развој, поставување и имплементација на специфични и мерливи цели за квалитет и редовно преиспитување на ефективноста на системот за управување со квалитет преку процесот на преиспитување од страна на раководството.

Главна цел на БИОТЕК е сегашните и идни клиенти да го препознаваат БИОТЕК како лидер на пазарот во делот на лабораториската опрема и потрошен материјал, чиј приоритет е остварување на профит преку обезбедување на задоволство на корисниците со тоа обезбедувајќи нивна целосна лојалност преку нудење на услуга со прифатливи цени и врвен квалитет од реномирани светски производители.

Раководството на БИОТЕК е цврсто решено да им нуди на своите корисници лабораториска опрема и лабораториски потрошен материјал со супериорен квалитет, организирајќи го своето работење во потполност согласно со барањата на стандардот ISO 9001:2015 стандардот.

Со постпродажните активности во и надвор од гарантниот период на продадените производи БИОТЕК го зголемува животниот век на истите, подобрувајќи ја лојалноста на своите корисници и партнери.

Тимската работа се подржува на сите нивоа во Биотек.

Биотек воспоставува и одржува професионално доверливи односи со сите свои корисници и е постојано отворен за соработка.

Биотек се обврзува на идентификација на неусогласеностите и преземање на корективни мерки како и идентификација на ризиците и можностите за постојано унапредување на квалитетот на производите и улугите кои ги нуди.

Исто така се грижиме за долготрајна и квалитетна соработка со своите клиенти, добавувачи, соработници и сите други заинтересирани страни со цел обезбедување на квалитетни производи и услуги.

Скопје, 17.11.2017

**Генерален извршен директор**